Четврта година
ДОДАТАК
SUPLIMENT

Март 2004
Martie 2004

MACEDONEANUL
МАКЕДОНЕЦОТ

Asociația Macedonenilor din România
Друштвото на Македонците од Романија

# ИН МЕМОРИЈАМ

Трајковски имаше само 43 години кога во 1999-та беше избран за претседател на Македонија. Претседателот Борис Трајковски е роден на 25 јуни 1956 година, во Струмица. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје, во 1980 година. Кариерата ја почнал како раководител на Правната служба во градежното претпријатие "Слобода" во Скопје. Од 1997 до 1998 година бил шеф на Кабинетот на градоначалникот на Општината Кисела Вода, а од 21 декември 1998 ја извршуваше функцијата заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија.

На 15 декември 1999 година Трајковски беше инаугуриран како втор претседател на Република Македонија. Инаугурирание значеше промена на генерации - неговиот претходник и основачот на независната македонска држава, Киро Глигоров, беше двапати постар.

Веднаш по инаугирирањето за претседател, Трајковски порача дека ќе биде претседател на сите граѓани, без оглед на етничката, верската и партиската припадност и ќе работи со цел Македонија во новиот милениум да стане стабилна и просперитетна европска држава, со развиена демократија, со висок степен на почитување на човековите права и слободи, со пазарна економија и со повисок животен стандард на нејзините граѓани. Тогаш тој вети дека ќе води и активна добрососедска политика.

Од почетокот на својот мандат претседателот Трајковски беше активен на меѓународен план. Патуваше во многу држави во Европа и во светот оствари многубројни билатерални средби со шефови на држави и на влади. Одржа повеќе говори на меѓународни форуми, како што се Светскиот економски форум во Давос, Советот на Европа, Обединетите нации, како и во парламентите на повеќе земји. Беше



1956 2004

# IN MEMORIAM

Trajkovski avea numai 43 de ani când a fost ales în anul 1999 în funcția de președinte al Republicii Macedonia. Președintele Boris Trajkovski s-a născut pe data de 25 iunie 1956, în localitatea Strumița. În anul 1980 a devenit licențiat al Facultății de Drept din Skopje. Cariera și-a început-o ca șef al departamentului juridic din cadrul întreprinderii de construcții “Sloboda” din Skopje. Din anul 1997 a fost șeful cabinetului prefectului departamentului administrativ Kisela Voda, și din data de 21 decembrie 1998 a îndeplinit funcția de secretar de stat în cadrul ministerului pentru afaceri externe al guvernului Republicii Macedonia.

La data de 15 decembrie 1999, Trajkovski și-a preluat atribuțiunile ca cel de al doilea președinte al Republicii Macedonia. Numirea sa a însemnat o schimbare și de generații - primul președinte și întemeietorul statului macedonean independent - Kiro Gligorov - având aproape de două ori vârsta sa.

Imediat după preluarea atribuțiunilor de președinte, Trajkovski și-a transmis masajul către națiune prin care a spus că va fi un președinte pentru toți cetățenii, fără a ține cont de apartenența etnică, religioasă sau de partid și că țelul său va fi ca în noul mileniu Macedonia să devină un stat european stabil și prosper, cu o democrație dezvoltată, unde drepturile și libertățile oamenilor sunt respectate, cu o economie viabilă de piață și cu un înalt standard de viață pentru toți locuitorii săi. Tot atunci el s-a angajat pentru o politică de bună vecinătate.

De la începutul mandatului său, președintele Trajkovski a fost un element activ și pe plan internațional. A călătorit în multe state din Europa și din lume unde a avut întâlniri bilaterale cu șefii și guvernele multor țări. A ținut multe cuvântări în fața unor forumuri internaționale cum ar fi Forumul Economic Internațional de la Davos, Uniunea Europeană, Națiunile Unite, precum și în fața parlamentelor mai multor țări. Era prieten cu un număr impresionant de

пријател со голем број светски државници, вклучувајќи го и американскиот претседател Џорџ Буш.

Неговиот потолерантен, вклучителен пристап играше важна улога во преговорите да се стави крај на шестмесечниот конфликт меѓу етничките албански бунтовници и македонските безбедносни сили во 2001.

Претседателот Трајковски беше оженет за Вилма Трајковска и беше татко на ќерката Сара и синот Стефан.



Претседателот Борис Трајковски почина Петок 26 фебруари во авионска несреќа на 30 километри од градот Мострар во Босна и Херцеговина.

Поширокиот политички свет жали за смрта на првиот државник на Македонија.

Британскиот државен секретар за надворешни работи Џек Стро напиша: "Многу се растажив кога слушнав за трагичната смрт на претседателот на Македонија во авионската несреќа. Тој одигра клучна улога во меѓуетничкиот конфликт кој му се закануваше на македонското единство"

"Посебно е тажно што ова се случува на денот кога Македонија требаше да слави како земја која требаше да аплицира за членство во ЕУ. Претседате-лот Трајковски имаше суштинска улога во избавувањето на оваа земја од конфликтот и во нејзиното водење кон Европа. Неговиот придонес ќе претставува постојано наследство на патот на земјата кон Европа", изјави специјалниот претставник на ЕУ Сорен Јесен Петерсен.

Хавиер Солана, шеф на надворешната и одбранбена политика на Европската Унија: „Тој имаше многу пријатели, а јас бев еден од нив. Бев со него во многу тешки моменти, по цели денови и ноќи, и секогаш можев да ја видам неговата страст, неговиот капацитет за работа, неговата издржливост."




Пат Кокс, претседател на европскиот парламент: „Тој беше човек кој го донесе помирувањето во неговата сопствена татковина, каде имаше голема веројатност за поделба. Човек кој беше помирител во неговиот регион, вистински Европеец.“

Премиерот на Ирска Берти Ахерн, на денот кога Македонија требаше да му предаде барањето за членство во Унијата : „Последен пат се сретнав со претседател Трајковски во Њујорк, минатиот септември, кога ја договаравме денешната церемониј. Тој беше голем поддржувач на македонските амбиции за зачленување во Унијата и денешниот ден требаше да биде ден кога и тој ќе славеше."

Стипе Месиќ, претседател на Хрватска: „Се работи за човечка загуба, што не ги погоди само неговото семејство и Република Македонија, туку ќе има и политички одраз врз настаните во регионот."

oameni de stat, printre aceştia incluzându-se şi preşedintele american George Bush.

Abordarea sa mult mai tolerantă şi globală a jucat un rol important în tratativele care au pus capăt conflictului dintre rebelii etnici albanezi şi forțele de ordine macedonene în anul 2001.

Preşedintele era căsătorit cu Vilma Trajkovska şi era tatăl unei fiice - Sara şi a unui fiu - Stefan.

Preşedintele Trajkovski a murit vineri 26 februarie în urma unui accident aviatic petrecut la 30 de kilometri de oraşul Mostar din Bosnia Herțegovina.

Lumea politică internațională deplânge moartea omului de stat macedonean.

Secretarul de stat britanic însărcinat cu afacerile externe Jack Strow a spus : “M-am întristat când am auzit de vestea tragicei morți a preşedintelui Macedoniei în accidentul aviatic. Acesta a jucat un rol important în conflictul interetnic care amenința unitatea statului macedonean”

“Este deosebit de trist că acest lucru se întâmplă în ziua în care Macedonia trebuia să sărbătorească cererea sa de aderare ca membru al Uniunii Europene. Preşedintele Trajkovski a avut un rol susținut în scoaterea Macedoniei din starea de conflict în care se afla şi aducerea ei către Europa. Aportul său va reprezenta o moştenire de netăgăduit în drumul urmat de această țară spre Europa” a spus trimisul special la UE, Soren Jesen Petersen.

Javier Solana, înalt reprezentantul Uniunii Europene pentru politică externă şi securitate comună : “El a avut mulți prieteni, şi eu am fost unul dintre ei. Am fost împreună cu el de-a lungul multor momente grele, de-a lungul a zile şi nopți întregi şi întodeauna am putut să văd pasiunea pe care o investea, capacitatea sa de lucru, tenacitatea”

Pat Cox, preşedintele Parlamemtului Republicii Irlanda : “A fost omul care a adus împăcarea în propria sa glie străbună, atunci când aceasta părea că mai mult ca sigur se va fărâmița. A fost omul care a adus pacea în regiunea pe care a condus-o, a fost un adevărat european”

Primul Ministru al Republicii Irlanda, Bertie Ahern, în ziua când Republica Macedonia trebuia să-i înmâneze cererea de aderare la Uniunea Europeană pentru a deveni membru cu drepturi depline : “Ultima dată când m-am întâlnit cu Preşedintele Trajkovski, a fost în luna septembrie anul trecut, la New York, când am discutat despre ceremonia care trebuia să se desfăşoare astăzi. El a fost un mare susținător al ambițiilor Macedoniei de a deveni membru al Uniunii Europene, şi astăzi ar fi trebuit să fie o zi când şi el ar fi trebuit să fie aici şi să sărbătorească”

Stipe Mesici, preşedintele Croației : “Aici nu este vorba numai despre o pierdere a unei vieți omeneşti, care a afectat numai familia sa şi Republica Macedonia, aici este vorba despre efectele politice imediate care vor lua naştere

Антон Роп, премиер на Словенија : „Нема сомневање дека тој беше политичар ориентиран кон Европа, државник кој работеше за модерна Македонија и нејзиниот развој."

Марк Лејти, поранешен новинар и претставник на НАТО: „Кога сите се криеја, Трајковски секогаш беше тука. Во најтешките моменти ќе го повикавме и тој ја завршуваше работата."

Ѓорѓи Иванов, политиколог: „Борис беше човек. На анкетите не се мери човечноста и искреноста на луѓето и можеби затоа тој не беше популарен политичар. Тој беше државник.“

Љубомир Фрчковски, поранешен министер за надворешни и внатрешни работи : „Мислам дека имавме среќа да го имаме, со една жестока подршка од меѓународната заедница. Тој имаше исклучително добри врски и позиции надвор, што беше исклучително корисно за земјата. Не верувам дека ќе имаме сличен кандидат во ова исклучително важно време за Македонија."

Борјан Јовановски, поранешен портпарол на Трајковски : „Македонија доживеа страшен удар врз и онака кревкиот темел врз кој допрва треба да ги градиме вистинските европските вредности, кои ќе не однесат онаму каде посакуваше претседателот Трајковски."

Мирчеа Геоана, министер за надворешни работи на Романија: Борис Трајковски беш еден разбран лидер, за кој духовните вредности имаа огромно значење, почитуван во Македонија и на Балканот. Борис Трајковски ја разбра значителноста на апликацијата на европските вредности и превзема јасни мерки кои водеа кон разбирање помеѓу заедниците од оваа земја.

în regiune”

Anton Pop, Primul Ministru al Sloveniei : “Nu există nici un dubiu că el a fost un om politic orientat către Europa, un om de stat care s-a luptat pentru o Macedonie modernă şi pentru dezvoltarea ei”

Mark Leity, purtătorul de cuvânt civil şi reprezentantul NATO : “Atunci când toţi se ascundeau, Trajkovski întodeauna era acolo. În cele mai grele momente îl chemam şi el termina ceea ce era de făcut”

Ghiorghi Ivanov, politolog : “ Boris a fost un om. În chestionarele de sondaj nu se pun întrebări despre omenie şi sinceritate şi poate din această cauză el nu era un politician popular. El era un om de stat”

Liubomir Frcikovski, fost ministru de interne şi externe al Macedoniei : “Cred că am avut un mare noroc să-l avem pe el, pe el alături de o imensă susţinere din partea comunităţii internaţionale. El avea foarte bune legături cu străinătatea şi acest lucru a fost de mare folos ţării. Nu cred că în aceste vremuri de o importanţă crucială pentru Macedonia vom avea un candidat la preşedenţie asemănător lui.”

Borjan Jovanovski, fost purtător de cuvânt a lui Trajkovski : “Macedonia a suferit o puternică lovitură care a zguduit-o din temelii şi din această cauză pentru viitor în primul rând trebuie să construim adevăratele valori europene care ne vor conduce acolo unde preşedintele Trajkovski dorea să ajungem.”

Mircea Geoană, Ministrul de externe al României : “Boris Trajkovski a fost un lider înţelept, pentru care valorile spirituale aveau o semnificaţie deosebită, respectat în Macedonia şi în Balcani. Boris Trajkovski a înţeles importanţa aplicării valorilor europene şi a luat măsuri clare



ДРУШТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД РОМАНИЈА
Букурешт – улица Томас Масарик, број 29, сектор 2
Телефон : 0040 - 21 – 212.09.22, Факс : 0040 -021 – 212.09.23

Букурешт, 27 Февруари 2004

Почитуван господине,

Заедницата на македонците од Романија, со болка во душата, го оплакува преминувањето во вечноста на тој што беше Борис Трајковски, Претседателот на Република Македонија и на другите македонски преставници.

Сочувствуваме со нашите браќа македонци поради предвремената загуба на Претседателот Борис Траjкоски и на другите македонски преставници, чии животи згаснаа прерано и неочекувано, во полна политичка активност.

Во името на целата македонска заедница во Романија, како и во лично мое име, ви го изразуваме нашето сочувство и солидарност, а на ожалостените фамилии, искрени сочувства.

Господине Амбасадор, примете ја, мојата висока почит и респект.

Константина Думитреску
Претседател на
Друштвото на Македонците од Романија

На почитуваниот,
Господин Тихомир Илиевски
Амбасадор на Република Македонија во Букурешт



ASOCIAŢIA MACEDONENILOR DIN ROMÂNIA
Bucureşti – Thomas Masaryk, nr. 29, sector 2
Telefon : 021 – 212.09.22, Fax : 021 – 212.09.23

Bucureşti, 27 februarie 2004

Excelenţă,

Comunitatea macedonenilor din România, cu durere în suflet, plânge trecerea în neființă a celui ce a fost Boris Trajkovski, Preşedintele Republicii Macedonia şi a celorlalţi oficiali macedoneni.

Împărtăşim suferinţa fraţilor noştri macedoneni la pierderea prematură a Preşedintelui Boris Trajkovski şi a celorlalţi oficiali macedoneni, a căror viaţă a încetat brusc, în plină activitate politică.

În numele întregii comunităţi macedonene din România, cât şi a mea personal, vă exprim sentimentele noastre de compasiune şi solidaritate, iar familiilor îndoliate, sincere condoleanţe.

Primiţi, Domnule Ambasador, asigurarea înaltei mele stime şi consideraţii.

Constantina DUMITRESCU
Preşedinte
Asociaţia Macedonenilor din România

Excelenţei Sale,
Dl. Tihomir Ilievski
Ambasador al Republicii Macedonia la Bucureşti

***Scrisoarea de condoleanţe trimisă de către comunitatea macedoneană din România şi Asociaţia Macedonenilor din România, ambasadorului Republicii Macedonia în România, Tihomir Ilievski***

Романо Проди претседател на Европска Комисија : „Кога ја добив веста за трагичниот инцидент кој прерано го прекина животот на Борис Трајковски веднаш се присетив на еден момент, нашата средба во Солун по повод јунскиот самит на Европскиот совет минатата година. Кога се видовме, се прегрнавме и си рековме дека е многу убаво што седиме на иста маса, планирајќи го нашиот нов заеднички дом. Се сеќавам дека му се заблагодарив за неговите напори и посветеност во процесот на приближување, не само на неговата земја туку и на целиот регион, кон Европа. Неговиот одговор на тоа беше насмевка и уште посилна прегратка. Тоа е сликата од Борис Трајковски што секогаш ќе ја носам со себе. Неговиот труд и неговата посветеност. Љубовта за Европа и за неговиот регион. Оваа земја, овој регион, цела Европа губи просветлен лидер и водач со јасна визија, државник кој знаеше да гледа подалеку од хоризонтот на дневните политички игри, човек кој знаеше како да ги стави основните индивидуални вредности во центарот на својот избор. Ние денес плачеме за Борис Трајковски, но ние сме, исто така, сигурни за политичката иднина на оваа земја. Секое поинакво однесување би било предавство за идеалите за кои Борис се заложуваше во текот на сиот свој живот. Неговата трагична смрт е тага за сите нас. Но, неговиот спомен треба да не поттикне да работиме уште повеќе за да го одржиме во живот неговото политичко и морално наследство и да ги оствариме целите што тој самиот ги постави.„

Погребот на претседателот Борис Трајковски беше во сабота 6 март на гробиштата Бутел во Скопје.
Неговиот вечен дом се наога на алеата на великаните на гробиштата Бутел во Скопје.



*Ultimul drum al Preşedintelui Trajkovski a început la Palatul Parlamentului*



*Pe ultimul său drum, Preşedintele Macedoniei a fost însoţit de mii de oameni*

care au condus la o reconciliere reală a comunităţilor din această ţară”.

Romano Prodi, preşedintele Comisiei Europene : “Când am primit vestea tragicului accident care înainte de vreme a întrerupt viaţa lui Boris Trajkovski, imediat mi-am amintit de un moment, de întâlnirea noastră de la Solun cu ocazia Summit-ului Consiliului European din luna iunie a anului trecut. Când ne-am văzut, ne-am îmbrăţişat şi ne-am spus unul altuia că este minunat să stăm la aceeaşi masă şi să facem planuri pentru noua noastră casă comună. Îmi amintesc că i-am mulţumit pentru strădaniile sale şi pentru dedicaţia cu care acţiona în cadrul procesului de aderare, nu numai pentru ţara sa ci pentru întreaga regiune. Răspunsul său la această mulţumire a fost un zâmbet şi o şi mai puternică îmbrăţişare. Aceasta este imaginea lui Boris Trajkovski pe care o voi purta întodeauna cu mine. Osteneala pe care şi-o dădea şi dedicaţia de care dădea dovadă. Dragostea pentru Europa şi pentru regiunea din care făcea parte ţara sa. Această ţară, această regiune, întreaga Europă care pierde un lider luminat şi un conducător cu o viziune clară care a ştiut să privească dincolo de orizontul jocurilor politice zilnice, un om care a ştiut în momentul în care a trebuit să facă anumite alegeri să pună propriile valori individuale mai presus de orice altceva. Noi astăzi îl plângem pe Boris Trajkovski, dar noi suntem de asemenea siguri de viitorul politic al acestei ţări. Oricare alt mod de a gândi ar constitui o trădare a idealurilor cărora Boris s-a dedicat întreaga sa viaţă. Tragica sa moarte este dureroasă pentru noi toţi. Dar, amintirea sa trebuie să ne impulsioneze să acţionăm cu şi mai multă dăruire pentru a menţine în viaţă moştenirea sa politică şi morală şi pentru a îndeplini ţelurile pe care el însăşi le-a trasat.”

Înmormântarea Preşedintelui Boris Trajkovski a avut loc sâmbătă 6 martie la cimitirul Butel de lângă Skopje. Mormântul său se va situa pe Aleea Mai Marilor Naţiei.

Господ да го прости ! Нека почива во мир !

Dumnezeu să-l odihnească în pace!